# ТЕМА 05: ЦЕЛИ ЗА ИДНИНАТА - СКОПЈЕ 2063

**РЕЧИСИ СЕДУМ ГОДИНИ ПО ПОЧЕТОКОТ НА ПОСЛЕДНАТА УРБАНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ, ЈАВНИОТ ДИСКУРС Е ПРЕЗАСИТЕН СО ДИСКУСИИ НА ТЕМИ ПОВРЗАНИ СО МИНАТОТО И НЕКОНТИНУИРАНИОТ ГРАДСКИ ИДЕНТИТЕТ. КОЛКУ И ДА Е ТОА ВАЖНО, СЕ ЧИНИ ДЕКА ПОСТОЈАНО СЕ ИЗБЕГНУВА ДЕБАТА НАСОЧЕНА КОН КРЕИРАЊЕ НА ПОГОЛЕМА СЛИКА ЗА ИДНИНАТА НА ГРАДОТ И НЕГОВИОТ РАЗВОЈ. ЗАГЛАВЕНИ ПОМЕЃУ СПОРНИ ОПШТИНСКИ ПЛАНОВИ, НЕДОСТАТОК ОД АРХИТЕКТОНСКИ КОНКУРСИ И ОПШТО НЕДОРАЗБИРАЊЕ ПОМЕЃУ ГРАДСКИТЕ ВЛАСТИ И ГРАЃАНИТЕ/ ПРОФЕСИОНАЛЦИТЕ, БИ САКАЛЕ ДА СЕ ОСВРНЕМЕ КОН ИДНИНАТА.**
**ОДБРАВМЕ СИМБОЛИЧНА ВРЕМЕНСКА ОДРЕДНИЦА, 100 ГОДИНИ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО 1963, КАКО ПРЕСВРТНА ТОЧКА ВО ПОНАТАМОШНИОТ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ И ПОСЛЕДНА ДАЛЕКУСЕЖНА УРБАНА ВИЗИЈА. ВО УСЛОВИ НА ПОЛИТИЧКИ ПРЕВИРАЊА, ЕКОНОМСКА НЕСТАБИЛНОСТ И УРБАН ХАОС, ПРАШУВАМЕ: КОИ СЕ ЦЕЛИТЕ ЗА ИДНИНАТА?**
**СОБРАВМЕ СМЕЛИ СТАВОВИ, КРАТКИ ТЕКСТОВИ, ЦРТЕЖИ И КОЛАЖИ КАКО НАИВНИ НАРАТИВИ КОИ БИ БИЛЕ ИСКРИ ЗА МОЖНА ПОСЕРИОЗНА ДЕБАТА ЗА ИДНИНАТА.**

Општество во кое секој кој сака да работи може да најде работа, а секој кој не работи добива доволно средства од државата за да може да има достоинствен живот. Општество во кое нема сиромашни, а социјалните разлики се мали. Работниците имаат добри работни услови и можат да работат кога сакаат. Образованието и здравството се целосно бесплатни и квалитетни. Нема населено место без асфалтиран пат, канализација, водовод и друга основна инфраструктура. Секое населено место има доволно јавни простори, зелени површини и паркови. Секое населено место има бесплатен и добро организиран јавен превоз. Ретко кој вози автомобил, а наместо тоа возат велосипеди, шетаат или користат јавен превоз. Загадувањето е ниско.

Бранимир Јовановиќ, економист

Во деведесетите, прогресивната визија на Кензо Танге е олицетворена во недовршената постземјотресна реконструкција која граѓаните на Скопје отворено ја отфрлаат. Во колективната меморија на Скопјани сè уште живее спомент за предземјотресниот град кој е изгубена вредност во замена за социјален и политички експеримент. „Старо Скопје“ постанува епитом за урбаност, а и постмодерниот архитектонско-урбанистички дискурс го користи како подлога за нови размислувања и планови за градот. Носталгијата за некои минати времиња и неолибералниот инвеститорски модел на развој водат кон низа на проблематични интервенции во градското ткиво. Токму оваа, последната, која несмасно се обидува да имитира обнова во манирот на големите европски реконструкции од деветнаесетиот век, најдиректно си поигрува со колективната меморија и ја користи сликата на предземјотресно Скопје да развие лажен квази-историски наратив. Бришејќи сè што е модерно и постземјотресно фашизоидниот Скопје 2014 произведе нова траума која води кон неминовен нов носталгичен копнеж за „Модерниот Град“. И оваа идеализирана слика, како и таа за Старо Скопје, понатаму ќе биде подлога за нови конфликти кои неминовно ќе се наметнат како резултат на ова нарушување. Токму затоа е многу важно да се отвори широк дијалог за суштинските прашања кои го товарат овој град – историја, колективна меморија, спомен, паметење и спомен места[1], носталгија... Во таа насока и овој параграф:

*„Спомен и историја, далеку од синоними, се чини сега се суштински во опозиција. Спомент е живот, роден од живи општества засновани во негово име. Останува во постојана еволуција, отворен за дијалектика на паметење и заборавање, несвесен за своите последователни деформации, осетлив на манипулации и присвојување, подложен на хибернација и повремено обновуван. Историјата, од друга страна, е реконструкција, секогаш проблематична и нецелосна, на она што повеќе не е. Споменот е непрекината реална појава, која не врзува со вечното сега; историјата е претстава на минатото. Споменот, колку и да е афективен и магичен, располага само со оние факти кои му се од полза; негува сеќавања кои можат да бидат надвор од фокусот или телескопски, глобални или независни, особени или симболички-чувствителни на секоја насока на пренесување или феноменален екран, на секоја цензура или проекција. Историјата, заради тоа што е интелектуален и секуларен производ, бара анализа и критика. Споменот го сместува сеќавањето во светото; историјата, секогаш прозаична, повторно го ослободува. Споменот е слеп за сè, освен за групата која ја врзува, со други зборови, како што Морис Халбвак (Maurice Halbwachs) има речено, има толку спомени колку што има групи, и дека споменот по природа е повеќекратен, а сепак специфичен; колективен, плурален, а сепак индивидуален. Историјата, од друга страна, им припаѓа на сите и никому, а оттаму и нејзиното барање за универзален авторитет. Споменот е втемелен во конкретното, во простори, гестови, слики, и предмети; историјата се врзува строго за временските континуитети, напредувањата и односите помеѓу нештата. Споменот е апсолутен, додека историјата може да го увиди само релативното.“*

Никола Николовски, архитект

Nora, P. (1989). Between memory and history: Les lieux de mémoire. Representations(Berkeley, Calif.), (26), стр.8-9.

---

[1]Спомен места во случајов не сугерира спомен обележја во најопшта смисла на зборот, туку е слободен превод на терминот lieux de mémoire дефиниран од Пјер Нора.

## ХРОНИКА СКОПЈЕ 2063

2018 - ТРЕТА ОПЦИЈА (ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА) ГИ ДОБИВА ИЗБОРИТЕ
2020 - РЕСТРУКТУРА НА Е.У. : ГИ ОПФАЌА СИТЕ ДРЖАВИ ОД КОНТИНЕНТОТ; НЕО ЛИБЕРАЛИЗМОТ ОТФРЛЕН КАКО ИДЕОЛОГИЈА НА Е.У.; DIEM25 НА ЈАНИС ВАРУФАКИС ГИ ДОБИВА ИЗБОРИТЕ КАКО ВОДЕЧКА ПАРТИЈА НА ЕВРОПА: ИДЕОЛОГИЈА: НОВА ДЕМОКРАТИЈА - ФЛЕКСИБИЛЕН МАРКСИЗАМ.
2021 - МАКЕДОНИЈА ПРИФАЌА 500 000 БЕГАЛЦИ КОИ СЕ ИНТЕГРИРАНИ НИЗ СИТЕ ГРАДОВИ И СЕЛА. НОВА УРБАНА СТРАТЕГИЈА ЗА СКОПЈЕ. РАСТЕ БРОЈОТ НА МУСЛИМАНИ, ОПАЃА МЕЃУЕТНИЧКАТА ТЕНЗИЈА.
2026 - СТАБИЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ НА ГЛОБАЛНО НИВО. ЕРА НА ИЗОБИЛИЕ НА СТОКИ.
2030 - МАКЕДОНИЈА: СЕ ПОПУЛАРИЗИРА МАОИЗАМ КАКО ФОРМА НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА. ПРОМОЦИЈА НА РУРАЛНИОТ ЖИВОТ ПОТКРЕПЕН ОД НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ
2035 - BASIC INCOME КАКО ПРАВИЛО ВО СИТЕ ДРЖАВИ ОД Е.У.
2036 - ПРВОТО СОЛАРНО МЕТРО ПУШТЕНО ВО ФУНКЦИЈА ВО СКОПЈЕ. НОВА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА СЕЛАТА И МАЛИТЕ ГРАДОВИ. СКОПЈЕ ГРАД НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА ХАБИТАТ 4.
2040 - СКОПЈЕ БОРИ 600 000 ЖИТЕЛИ. НЕМА ЗАГАДУВАЊЕ.
2050 - СЛОБОДНА ЕКОНОМИЈА. СЕ УКИНУВААТ ЕКОНОМСКИТЕ СВЕТСКИ ПАКТОВИ. СВЕСНА И ОДРЖЛИВА ТРГОВИЈА. 3 ТРГОВСКИ ЗОНИ СЕВЕРНА И ЈУЖНА АМЕРИКА, ЕВРОПА И АФРИКА, АЗИЈА И АВСТРАЛИЈА. ДЕМОКРАТИЈА НАСПРОТИ ОЛИГАРХИЈА. ПОТПОЛНО ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА БИЛО КАКВА ВЛАДИНА ОДЛУКА.
2063 - СКОПЈЕ ТВОРИ СО СВОЈОТ ЦЕЛОСЕН ПОТЕНЦИЈАЛ. СИМБИОЗА НА АРХИТЕКТУРАТА И ПРИРОДАТА. ВЕРНАКУЛАРНА АРХИТЕКТУРА. НЕ ПОСТОИ ТЕРМИНОТ ВРАБОТЕНОСТ. НЕ ПОСТОИ Г.Д.П.
РАЈ.

Ивана Ангелова, архитект и уметник



СКОПЈЕ ВО 2063 треба да биде:
град на велосипеди со повеќе култура на улиците; град на СИТЕ, со космополитски дух и поголема пристапност. Новото Скопје пак ќе никне, со повеќе зеленило и помала загаденост, а баркот ќе биде претворен во нова модерна архитектура. Градот ќе ги користи своите сопствени ресурси во градењето на својот идентитет.

(собрани коментари од настанот во Private Print во септември 2016)

## ОД ЕДНА ДО ДРУГА ПОСЛЕДНА СТАНИЦА

Времето кое поминува во градот слично е како промените на градските автобуси. Доаѓаат нови, помодерни и поеколошки градски автобуси. Но, и старите се движат по истите линии како од пред години. Ако можам, го бирам секогаш новиот, бесшумен и климатизиран автобус, но со секое валидирање на електронската картичка, се сеќавам на претходните хартиени билети, па, уште пред тоа, на пластичните портокалови и црвени жетони. Ги препознавам и забележувам промените во зградите, улиците и луѓето кои ги гледам од прозорецот... Иднината во градот е континуитет кој можеш да го следиш и помниш од една до друга последна станица. Времето што минува во градот можеш да го дофатиш и видиш, одгатнеш и одвоиш, полесно или потешко, но секогаш е тука, како да кружи, а всушност се пласти.

Марија Христова, културолог



„Непредвидлива форма" цртеж на Илија Прокопиев, уметник



Ќе биде прв работен ден за многу млади архитекти, штотуку дипломирани. Со соништа за својата кариера, но претпазливи кон новата средина, тие достоинствено ќе почнат да работат на новите (животни) проекти. Младите архитекти знаат дека ќе работат долги часови, ќе пресретнуваат куси рокови и нелогични барања. Ќе бидат дел од динамична и отворена група на професионалци, во структура која ги заштитува нивните одлуки и цени нивното знаење и труд. Учејќи од искуството на постарите, и одговорно аргументирајќи ги своите храбри идеи – младите архитекти одново ќе ги поставуваат стандардите. Поддржани од политичкиот и граѓански сектор, ќе подучуваат, ќе создадат средина во која архитектурата ќе се цени поради својаWа комплексност и способност да го подобри животот на граѓаните.
Младите архитекти ќе ја сакаат својата професија и по завршувањето на факултетот. Тие ќе го изградат новиот град.
Да се биде архитект во Скопје, во 2063 година, ќе биде убав предизвик.

Гордан Витевски, архитект

## ГРАДОТ НА ОБЕЗГЛАВЕНИ СПОМЕНИЦИ, СКОПЈЕ 2063

СКОПЈЕ Е ГРАД КАДЕ ПОСТОЈАНО СТЕ ПРОГОНУВАНИ ОД ОБЕЗГЛАВЕНИ СПОМЕНИЦИ КОИ СЕ ПОЈАВУВААТ СКОРО НА СЕКОЈ АГОЛ ВО ГРАДОТ, ПОТСЕТУВАЈЌИ НА ДОЛГАТА ИСТОРИЈА НА САМОУНИШТУВАЊЕ КОЕ ГРАЃАНИТЕ ГО НАНЕЛЕ НА ГРАДОТ И НА САМИТЕ СЕБЕСИ.

Никола Узуновски, уметник

## |ПО|СЛЕДНИОТ СЛОЈ

Размисла за појава на еден нов слој, просторна и програмска урамнотеженост воочлива преку нови доминантни и визуелно препознатливи изградени целини чие присуство во еден социо-економски и културно фрагментиран град, полн со противречности, би иницирало насоки кои ќе бидат интерпретирани во секоја од постоечките урбани целини на себе својствен начин. Тоа би придонело да се артикулираат нивните разлики со што нивната коегзистенција би го довела градот како целина на едно повисоко унитарно ниво.



Павел Вељаноски и Борислав Николовски-Трифуновски, архитекти